**Соопштение за заверка на летниот семестар во учебната 2025/2026 година за студентите од ПРВ ЦИКЛУС студии**

Се известуваат редовните и вонредните студенти од прв циклус студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје, дека согласно Календарот на активности за зимски и летен семестар во учебната 2025/2026 година, заверката на летниот семестар во учебната 2025/2026 година ќе се одвива на шалтерите од Одделението за студентски прашања во периодот од:

**8 јуни 2026 г. до 19 јуни 2026 г. од 11:00 до 15:00 часот**

**Студентот на шалтер треба да достави:** индекс и доказ испечатена слика од својот екран за завршено анкетирање (анкета „Перцепција на студентите за квалитетот на наставата) за предметите од летниот во учебната 2025/2026 година.

**Потписи во индекс:** студентите во индексот треба уредно да им собрани сите потписи од предметните професори за остварени обврски, за ислушани предавања и изработени вежби во летниот семестар во учебната 2025/2026 година.

**Потписи во електронското досие (iknow системот) на студентот:** студентите треба да ги имаат добиено сите електронски потписи во своите профили, во Модулот предмети.

Со потписите, на студентите им се потврдува дека ги исполниле предвидените наставни обврски. Студентите кои не ги извршиле пропишаните обврски со студиската програма и не добиле потписи, не треба да пристапат на испит. Потписите се задолжителни и за предметите кои се запишани по прв пат, како и за предметите кои се презапишуваат.

Согласно Календарот на активности за зимски и летен семестар во учебната 2025/2026 година, **давање потписи за летниот семестар (електронски и во индекс) ќе се одвива од 25.05.2026 до 03.06.2026 година.**

**Напомена 1** Студентите кои во летниот семестар немаат запишано ниту еден предмет, односно имаат извршено административен упис на семестар без предмети, не треба да го заверуваат семестарот.

**Напомена 2** Студентите на кои им е одобрено барањето за плаќање на партиципација/школарина на рати за летниот семестар во учебната 2025/2026 г. (2 рата - 23 март 2026 година и 3 рата 23 април 2026 година), доколку досега не ги извршиле уплатите, задолжително да ги подмират сите задоцнети рати до вкупниот износ за партиципацијата/школарината за семестарот и да доставаат уплатница на денот на заверка на семестарот.

11.05.2026 г. од Деканатот,